

# МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „Состојбата со невроразвојните нарушувања во Македонија: потреба од внесување на стандарди во дијагностиката и третманот"

во организација на

Македонската академија на науките
и уметностите-МАНУ
и Здружението"ВО МОЈОТ СВЕТ"

21-23 Септември 2022

Македонска академија на
науките и уметностите-МАНУ

Билјана КРСТЕВСКА КОКОРМАНОВА
Универзитетска клиника за психијатрија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

# Видови и функција на ехолалијата во комуникацијата

Силвана Филипова
Стојан Бајрактаров
Насер Дурмиши
Рената Јанкова

**Апстракт**

**Вовед.** Ехолалијата претставува повторување на зборови или фрази кои некој друг ги кажал. Таа претставува форма на вербална имитација и може да биде моментална-непосредна и одложена. Најчесто децата ги повторуваат содржините од ТВ емисиите, цртаните филмови, реклами, видео игри и сл.
**Метод.** Предмет на истражувањето е проценка на функцијата на ехолалијата која ја има во комуникација. Во испитувањето користен е методот на опсервација во траење најмалку од **6** месеци. Опсервацијата е вршена од страна на **4** искусни логопеди, кои воедно работат и на рехабилитацискиот третман.
**Резултати.** Резултатите од опсервацијата покажуваат дека многу ретко се јавува само еден вид на ехолалија, кај најголем број од опсервираните деца присутни се двата вида на ехолалија и дека истата во одредени ситуации има комуникативна функција додека пак во други има лична цел (саморегулација, смирување, самостимулација и сл.).
Заклучок. Ехолалијата претставува обид за комуникација со другите, но заради неможноста за формирање на независна мисла тие го повторуваат говорот на другите. Видот и функцијата на ехолалијата многу зависат од нивото на комуникативните функции на детето, од комуникаативната ситуација во која се наоѓа детето, како и од состојбата на самото дете.
**Клучни зборови:** Ехолалија, моментална и одложена, интерактивна функција, неинтерактивна функција, аутистичен спектар на нарушување, комуникативни способности.